# Службен весник на Република Македонија

**Број 125** **6 јули 2018, петок** **година LXXIV**

**www.slvesnik.com.mk** **contact@slvesnik.com.mk**


**СОДРЖИНА**


| | | Стр. |
|---|---|---|
| 2431. | **Решение** за именување член на Управниот одбор на Јавно претпријатие за водостопанство „ЛИСИЧЕ“ – Велес.................................................. | 2 |
| 2432. | **Решение** за разрешување и именување член на Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на Јавно претпријатие за водостопанство „ЛИСИЧЕ" – Велес.................... | 2 |
| 2433. | **Решение** за именување член на Управниот одбор на Јавно претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта „МАКЕДОНИЈАПАТ“ – Скопје........... | 2 |
| 2434. | **Решение** за разрешување и именување член на Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на Јавно претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта „МАКЕДОНИЈАПАТ” – Скопје.. | 2 |
| 2435. | **Решение** за разрешување членови и в.д. член и именување членови на Управниот одбор на ЈП за стопанисување со државните шуми „МАКЕДОНСКИ ШУМИ“ – П.О. Скопје...... | 3 |
| 2436. | **Решение** за разрешување и именување член на Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на Јавно претпријатие за стопанисување со државните шуми „МАКЕДОНСКИ ШУМИ”-П.О. Скопје............ | 3 |
| 2437. | **Решение** за разрешување член и в.д. член и именување членови на Управниот одбор на ЈП за стопанисување со пасишта – Скопје............ | 4 |
| 2438. | **Решение** за разрешување член на Управниот одбор на Јавно претпријатие за државни патишта................ | 4 |
| 2439. | **Решение** за разрешување и именување член на Одборот за контрола на материјално-финансиското работење на Јавната установа Национален парк Маврово - Маврови Анови.................. | 4 |
| 2440. | **Решение** за разрешување и именување член на Одборот за контрола на материјално-финансиското работење на Јавната установа Национален парк Галичица-Охрид................. | 4 |
| 2441. | **Одлука** за изменување на Одлуката за запирање на исплата на средства за редовно годишно финансирање од Буџетот на Република Македонија на политички партии................ | 5 |
| 2442. | **Решение** од Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија...... | 6 |
| 2443. | **Решение** од Комора на извршители на РМ................................................... | 6 |
| 2444. | **Договор** за воспоставување меѓуопштинска соработка....................... | 7 |
| | **Огласен дел**...................................... | 1-40 |

# ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**2431.**

Врз основа на член 17 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/1996, 9/1997, 6/2002, 40/2003, 49/2006, 22/2007, 83/2009, 97/2010, 6/2012, 119/2013, 41/2014, 138/2014, 25/2015, 61/2015, 39/2016 и 64/2018), Владата на Република Македонија на седницата одржана на 26 јуни 2018 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕН НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ВОДОСТОПАНСТВО „ЛИСИЧЕ“ – ВЕЛЕС**

1. За член на Управниот одбор на Јавното претпријатие за водостопанство „ЛИСИЧЕ“ – Велес се именува Илија Патриков.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 24-6493/1
26 јуни 2018 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
**Оливер Спасовски,** с.р.

---

**2432.**

Врз основа на член 26 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/1996, 9/1997, 6/2002, 40/2003, 49/2006, 22/2007, 83/2009, 97/2010, 6/2012, 119/2013, 41/2014, 138/2014, 25/2015, 61/2015, 39/2016 и 64/2018), Владата на Република Македонија на седницата одржана на 26 јуни 2018 донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕН НА НАДЗОРНИОТ ОДБОР ЗА КОНТРОЛА НА МАТЕРИЈАЛНО-ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ НА ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ВОДОСТОПАНСТВО „ЛИСИЧЕ“ – ВЕЛЕС**

1. Илија Патриков се разрешува од должноста член на Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на Јавното претпријатие за водостопанство „ЛИСИЧЕ“ – Велес.

2. За член на Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на Јавното претпријатие за водостопанство „ЛИСИЧЕ“ – Велес, се именува Џевдет Садику.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 24-6494/1
26 јуни 2018 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
**Оливер Спасовски,** с.р.

---

**2433.**

Врз основа на член 17 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/1996, 9/1997, 6/2002, 40/2003, 49/2006, 22/2007, 83/2009, 97/2010, 6/2012, 119/2013, 41/2014, 138/2014, 25/2015, 61/2015, 39/2016 и 64/2018), Владата на Република Македонија на седницата одржана на 26 јуни 2018 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕН НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ОДРЖУВАЊЕ И ЗАШТИТА НА МАГИСТРАЛНИТЕ И РЕГИОНАЛНИТЕ ПАТИШТА „МАКЕДОНИЈАПАТ“ – СКОПЈЕ**

1. За член на Управниот одбор на Јавното претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта „МАКЕДОНИЈАПАТ“ – Скопје, се именува Стојанче Кировски.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 24-6495/1
26 јуни 2018 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
**Оливер Спасовски,** с.р.

---

**2434.**

Врз основа на член 26 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/1996, 9/1997, 6/2002, 40/2003, 49/2006, 22/2007, 83/2009, 97/2010, 6/2012, 119/2013, 41/2014, 138/2014, 25/2015, 61/2015, 39/2016 и 64/2018), Владата на Република Македонија на седницата одржана на 26 јуни 2018 донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕН НА НАДЗОРНИОТ ОДБОР ЗА КОНТРОЛА НА МАТЕРИЈАЛНО-ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ НА ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ОДРЖУВАЊЕ И ЗАШТИТА НА МАГИСТРАЛНИТЕ И РЕГИОНАЛНИТЕ ПАТИШТА „МАКЕДОНИЈАПАТ" – СКОПЈЕ**

1. Стојанче Кировски се разрешува од должноста член на Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на Јавното претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта „МАКЕДОНИЈАПАТ" – Скопје.

2. За член на Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на Јавното претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта „МАКЕДОНИЈАПАТ" – Скопје, се именува Али Садику.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 24-6496/1
26 јуни 2018 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
**Оливер Спасовски,** с.р.

---

**2435.**

Врз основа на член 17 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија" бр. 38/1996, 9/1997, 6/2002, 40/2003, 49/2006, 22/2007, 83/2009, 97/2010, 6/2012, 119/2013, 41/2014, 138/2014, 25/2015, 61/2015, 39/2016 и 64/2018), Владата на Република Македонија на седницата одржана на 26 јуни 2018 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ И В.Д. ЧЛЕН И ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЈП ЗА СТОПАНИСУВАЊЕ СО ДРЖАВНИТЕ ШУМИ „МАКЕДОНСКИ ШУМИ" – П.О. СКОПЈЕ**

1. Од должноста членови и в.д. член на Управниот одбор на ЈП за стопанисување со државните шуми „МАКЕДОНСКИ ШУМИ" – П.О. – Скопје се разрешуваат:

- Марко Данаиловски
- Ибрахим Синани и
- Јасин Халили – од в.д. член

2. За членови на Управниот одбор на ЈП за стопанисување со државните шуми „МАКЕДОНСКИ ШУМИ" – П.О. Скопје се именуваат:

- Армен Авдили
- Фарук Невзади и
- Илир Абдурамани.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија."

Бр. 24-6497/1
26 јуни 2018 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
**Оливер Спасовски,** с.р.

---

**2436.**

Врз основа на член 26 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија" бр. 38/1996, 9/1997, 6/2002, 40/2003, 49/2006, 22/2007, 83/2009, 97/2010, 6/2012, 119/2013, 41/2014, 138/2014, 25/2015, 61/2015, 39/2016 и 64/2018), Владата на Република Македонија на седницата одржана на 26 јуни 2018 донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕН НА НАДЗОРНИОТ ОДБОР ЗА КОНТРОЛА НА МАТЕРИЈАЛНО-ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ НА ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА СТОПАНИСУВАЊЕ СО ДРЖАВНИТЕ ШУМИ „МАКЕДОНСКИ ШУМИ" - П.О. СКОПЈЕ**

1. Блаже Ужевски се разрешува од должноста член на Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми „МАКЕДОНСКИ ШУМИ"-П.О. Скопје.

2. За член на Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми „МАКЕДОНСКИ ШУМИ"-П.О. Скопје, се именува Фисник Палоши.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 24-6498/1
26 јуни 2018 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
**Оливер Спасовски,** с.р.

**2437.**

Врз основа на член 17 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/1996, 9/1997, 6/2002, 40/2003, 49/2006, 22/2007, 83/2009, 97/2010, 6/2012, 119/2013, 41/2014, 138/2014, 25/2015, 61/2015, 39/2016 и 64/2018), Владата на Република Македонија на седницата одржана на 26 јуни 2018 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ЧЛЕН И В.Д. ЧЛЕН И ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЈП ЗА СТОПАНИСУВАЊЕ СО ПАСИШТА – СКОПЈЕ**

1. Од должноста член и в.д. член на Управниот одбор на ЈП за стопанисување со пасишта – Скопје се разрешуваат:

- Емилија Галабовска Биљарска и
- Владимир Стојановски – од в.д. член

2. За членови на Управниот одбор на ЈП за стопанисување со пасишта – Скопје се именуваат:

- Блерим Идризи и
- Ќефни Усеини.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 24-6499/1
26 јуни 2018 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
**Оливер Спасовски,** с.р.

---

**2438.**

Врз основа на член 17 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/1996, 9/1997, 6/2002, 40/2003, 49/2006, 22/2007, 83/2009, 97/2010, 6/2012, 119/2013, 41/2014, 138/2014, 25/2015, 61/2015, 39/2016 и 64/2018), Владата на Република Македонија на седницата одржана на 26 јуни 2018 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ЧЛЕН НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ДРЖАВНИ ПАТИШТА**

1. Осман Мислими се разрешува од должноста член на Управниот одбор на Јавното претпријатие за државни патишта.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 24-6500/1
26 јуни 2018 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
**Оливер Спасовски,** с.р.

---

**2439.**

Врз основа на член 142 став 1 и 2 од Законот за заштита на природата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 67/2004, 14/2006, 84/2007, 35/2010, 47/2011, 148/2011, 59/2012, 13/2013, 163/2013, 41/2014, 146/2015, 39/2016 и 63/2016), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 26 јуни 2018 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕН НА ОДБОРОТ ЗА КОНТРОЛА НА МАТЕРИЈАЛНО-ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ НА ЈАВНАТА УСТАНОВА НАЦИОНАЛЕН ПАРК МАВРОВО – МАВРОВИ АНОВИ**

1. Мухарем Имеровски се разрешува од должноста член на Одборот за контрола на материјално-финансиското работење на Јавната установа Национален парк Маврово - Маврови Анови.

2. За член на Одборот за контрола на материјално-финансиското работење на Јавната установа Национален парк Маврово - Маврови Анови се именува Гезим Шаќири.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 24-6501/1
26 јуни 2018 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
**Оливер Спасовски,** с.р.

---

**2440.**

Врз основа на член 142 став 1 и 2 од Законот за заштита на природата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 67/2004, 14/2006, 84/2007, 35/2010, 47/2011, 148/2011, 59/2012, 13/2013, 163/2013, 41/2014, 146/2015, 39/2016 и 63/2016), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 26 јуни 2018 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕН НА ОДБОРОТ ЗА КОНТРОЛА НА МАТЕРИЈАЛНО-ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ НА ЈАВНАТА УСТАНОВА НАЦИОНАЛЕН ПАРК ГАЛИЧИЦА-ОХРИД**

1. Кети Јанкоска се разрешува од должноста член на Одборот за контрола на материјално-финансиското работење на Јавната установа Национален парк Галичица-Охрид.

2. За член на Одборот за контрола на материјално-финансиското работење на Јавната установа Национален парк Галичица-Охрид се именува Сиарта Ахмети.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 24-6502/1 | Заменик на претседателот |
| 26 јуни 2018 година | на Владата на Република |
| Скопје | Македонија, |
| | **Оливер Спасовски,** с.р. |

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА

**2441.**

Врз основа на член 27-б став 3 од Законот за финансирање на политичките партии („Службен весник на РМ“ бр. 76/04, 86/08, 161/08, 96/09, 148/11, 142/12 и 23/13), министерот за правда донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ЗАПИРАЊЕ НА ИСПЛАТА НА СРЕДСТВА ЗА РЕДОВНО ГОДИШНО ФИНАНСИРАЊЕ ОД БУЏЕТОТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА НА ПОЛИТИЧКИ ПАРТИИ**

Запирањето на исплата на средства за редовно годишно финансирање од Буџетот на Република Македонија на политичките партии во Одлуката број 11-2609/2 од 25.04.2018 година престанува да важи за политичките партии:

- ВМРО НАРОДНА ПАРТИЈА (не е доставен извештај од регистар на примени донации/член 25),
- РАБОТНИЧКО ЗЕМЈОДЕЛСКА ПАРТИЈА (не се доставени: извештај од регистар на примени донации/член 25 и годишна сметка/член 26 ) и
- ЛЕВИЦА (не се доставени: извештај од регистар на примени донации/член 25 и годишен финансиски извештај/член 27).

Оваа одлука е конечна и истата ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“ согласно член 27-б став 6 од Законот за финансирање на политичките партии („Службен весник на РМ“ бр. 76/04, 86/08 , 161/08, 96/09, 148/11, 142/12 и 23/13).

**О б р а з л о ж е н и е**

Во врска со Одлуката за запирање на исплатата на средствата на политичките партии за редовно годишно финансирање од Буџетот на Република Македонија објавена во „Службен весник на Република Македонија” број 76/18 од 27.04.2018 година, Државниот завод за ревизија достави дописи број 23-11/80 од 14.05.2018, 23-11/84 од 30.05.2018 година и 07-493/3 од 01.06.2018 година со барање за запирање на забраната на исплатата на средствата за редовно годишно финансирање на политичките партии ВМРО Народна Партија, Левица и Работничко Земјоделска Партија на Македонија кои ги исполниле обврските за финансиско известување за 2017 година.

Државниот завод за ревизија достави известување дека политичките партии ВМРО Народна Партија, Левица и Работничко Земјоделска Партија на Македонија ги исполниле целосно своите обврски за финансиско известување за 2017 година.

Со оглед дека наведените политичките партии ги исполниле условите за запирање на забраната за исплата на средствата на политичките партии за редовно годишно финансирање од Буџетот на Република Македонија, па согласно член 27–б став 3 од Законот за финансирање на политичките партии („Службен весник на РМ “ бр. 76/04, 86/08, 161/08, 96/09, 148/11, 142/12 и 23/13), се одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа одлука политичката партија може да поведе управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на објавување на истата во „Службен весник на Република Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 11- 2898/11 | |
| 2 јули 2018 година | Министер за правда, |
| Скопје | д-р **Рената Дескоска**, с.р. |

# КОМИСИЈА ЗА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**2442.**

Врз основа на член 80 и член 184 алинеи а), з) и л) од Законот за хартии од вредност (Службен весник на РМ бр. 95/2005, 25/2007, 7/2008, 57/2010,135/2011, 13/2013, 188/2013, 43/2014, 15/2015, 154/2015, 192/2015, 23/2016 и 83/2018), постапувајќи по Жалбата изјавена од РЖ Услуги АД Скопје против Одлуката бр.02-1585/1 од 29.12.2017 година на Македонска берза АД Скопје, Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија на седницата одржана на ден 29.06.2018 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

1. Жалбата на РЖ Услуги АД Скопје изјавена против Одлуката бр. 02-1585/1 од 29.12.2017 година на Македонска берза АД Скопје СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНА.
2. СЕ ПОТВРДУВА Одлуката бр.02-1585/1 од 29.12.2017 година на Македонска берза АД Скопје.
3. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Број УП1 10-41
29 јуни 2018 година
Скопје

Комисија за хартии од вредност
на Република Македонија
Претседател,
м-р **Нора Алити,** с.р.

# КОМОРА НА ИЗВРШИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**2443.**

Врз основа на член 71 ст. 1 т. б) в.в со член 78 став 1 т. ж) и член 79 став 4 од Законот за извршување („Службен весник на Р. Македонија“ бр.72/16 и бр. 142/16), Претседателот на Комората на извршители на РМ на ден 02.07.2018 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

СЕ БРИШЕ ОД ИМЕНИК НА ИЗВРШИТЕЛИ Биљана Мартиновска со адреса на живеење на ул.„ Крчин“ бр. 12А Скопје и ЕМБГ 0207954455118, упишан во именикот на извршители при Комората на извршители на РМ како извршител под реден број 22.

Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

На ден 9.5.2006 година со Решение на Министерот за правда бр. 08-1740/1 лицето Биљана Мартиновска беше именуван за извршител на подрачјето на Основен суд Скопје 1 Скопје и Основен суд Скопје 2 Скопје. Врз основа на чл. 33 став 5 од Законот за извршување („Службен весник на Р. Македонија“ бр.35/05 од 18.5.2005 година), извршен е упис на извршител Биљана Мартиновска од Скопје во Именикот на извршители што се води од страна на Управниот одбор при Комората на извршители на РМ како извршител под реден број 22.

На ден 29.6.2018 година до Комората на извршители доставено е Решение бр. 09- 3536/1 од 28.6.2018 година, со кое Министерот за правда како надлежен орган согласно чл. 71 ст. 1 точка б од Законот за извршување („Службен весник на РМ“ бр. 72/16 и бр. 142/16), донесува решение за престанок на должноста извршител на Биљана Мартиновска од Скопје, поради навршување на 64 години возраст согласно закон, со датум на влегување на сила на решението на ден 2.7.2018 година.

Претседателот на Управниот одбор на Комората на извршители на РМ, во рамки на своите овластувања, на ден 02.07.2018 година спроведе бришење на извршител Биљана Мартиновска од Именикот на извршители кој се води при Комората на извршители на РМ врз основа на што на истата и престануваат сите обврски спрема Комората на извршители на РМ.

Согласно горенаведеното Претседателот на Управниот одбор на Комората на извршители на РМ, одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Правна поука: против оваа одлука извршителот има право на правна заштита со поведување на управен спор пред Управен суд на РМ во рок од 30 дена по прием.

Бр. 03-331/2
2 јули 2018 година
Скопје

Комора на извршители
на Република Македонија
Претседател,
**Зоран Димов**, с.р.

# ЛОКАЛНА САМОУПРАВА

**2444.**

Врз основа на член 29 од Законот за меѓуопштинска соработка („Службен весник на Република Македонија“ бр. 79/09), член 14 и член 50 став 1 точка 16 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) и Одлуката за воспоставување на меѓуопштинска соработка меѓу Општина Македонска Каменица и Општина Делчево бр. 08-1124/1 од 28.05.2018 година и Одлуката за воспоставување на меѓуопштинска соработка меѓу Општина Делчево и Општина Македонска Каменица бр. 09-985/1 од 08.06.2018 година се склучува следниот

**Д О Г О В О Р**
**ЗА ВОСПОСТАВУВАЊЕ МЕЃУОПШТИНСКА СОРАБОТКА**

Помеѓу:

1. Општина Делчево, со седиште на улица „Светозар Марковиќ“ бр.1, Делчево, застапувана од Градоначалник Горан Трајковски, од една страна и

2. Општина Македонска Каменица, со седиште на улица „Каменичка“ број 2, Македонска Каменица, застапувана од Градоначалник Соња Стаменкова, од друга страна.

Член 1

Предмет на овој Договор е воспоставување на меѓуопштинска соработка т.е. вршење на работи и работни задачи од општинската администрација на Општина Делчево за потребите на Општина Македонска Каменица, од надлежност на работното место на Овластен градежен инспектор.

Член 2

Двете договорни страни се договорија работите и работните задачи што ги извршува Овластениот градежен инспектор од Општина Делчево, да ги извршува во име и за сметка на Општина Македонска Каменица во период од 01.07.2018 година до 30.06.2019 година.

Член 3

Овластениот градежниот инспектор од член 2 на овој Договор, вработен во општинската администрација на Општина Делчево, за извршување на работите и работните задачи за општина Македонска Каменица што се предмет на овој Договор, ќе ги користи објектите, опремата и ресурсите на двете договорени општини.

Член 4

Услугите наведени во член 1 на овај Договор, кои Општина Македонска Каменица ќе ги побара од Овластениот градежен инспектор од Општина Делчево, треба да се извршуваат согласно законските прописи, професионално, ефикасно, ефективно и во законски утврдените рокови.

Член 5

За извршување на работите што се предмет на овој Договор, Општина Македонска Каменица ќе исплаќа финансиски надоместок во висина од 6000,00 денари месечно, на жиро сметка на Буџетот на општина Делчево.

Член 6

Овластениот градежен инспектор од Општина Делчево, работните задачи во Општина Македонска Каменица, ќе ги извршува по повик од Градоначалникот на Општина Македонска Каменица и по обезбеден транспорт од страна на општина Македонска Каменица.

Член 7

Измени и дополнувања на одредбите од овој Договор за прашања кои не се предвидени со овој Договор, а може дополнително да произлезат од тековното работење, ќе се уредат со Анекс на овој Договор.

Член 8

Овој Договор може да се раскине пред времето за кое е склучен по слободна волја на една од договорните страни, по претходно известување на другата договорна страна во рок од 30 дена.

Член 9

За сите недоразбирања или евентуално непочитување на одредбите од овој Договор, договорните страни се согласија да ги решаваат спогодбено со меѓусебно договарање, во духот на добрите деловни обичаи.

Во спротивно споровите што ќе произлезат од непочитување на одредбите од овој Договор, ке се решаваат пред стварно и месно надлежен суд.

Член 10

Договорот е составен во 6 (шест) еднакви примероци, од кои по 3 (три) за секоја од договорните странки.

Член 11

Овој Договор влегува во сила по потпишувањето од двете договорни страни.

| | |
|---|---|
| Бр. 08-1082/1 | Бр. 03-1291/1 |
| 27 јуни 2018 година | 27 јуни 2018 година |
| Општина Делчево | Општина Македонска Каменица |
| Градоначалник, | Градоначалник, |
| **Горан Трајковски**, с.р. | **Соња Стаменкова**, с.р. |

Службен весник на Република Македонија

www.slvesnik.com.mk contact@slvesnik.com.mk

Издавач: ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ц.о. – Скопје
бул. „Партизански одреди" бр. 29. Поштенски фах 51.
Директор и одговорен уредник – Мартин Костовски
телефон: +389-2-55 12 400
телефакс: +389-2-55 12 401

Претплатата за 2018 година изнесува 10.100 денари.
„Службен весник на Република Македонија" излегува по потреба.
Рок за рекламации: 15 дена.
Жиро-сметка: 300000000188798.
Депонент на Комерцијална банка, АД – Скопје.
Печат: Печатница ЕВРОПА 92 ДООЕЛ, Кочани.

ISSN 0354-1622

2018125